Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2282/32
Скопје, 22 април 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2020 година**

**„ТОЧКА 2: Записник од Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 април 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 април 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата го усвои следниов заклучок:

1. Во врска со заклучокот под реден број 3 од Записникот, да се измени точката 6 од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, донесена на 12 март 2020 година, во насока дека се затвораат сите спортски објекти, вежбални, спортски сали каде што може да се одржуваат секаков вид на собири и настани, без оглед на обемот и бројот на учесници, односно истите се затвораат за давање на услуги кон корисниците на услугите со присуство во објектите, а истите можат непречено да продолжат да извршуваат деловни активности и да даваат други услуги од делокругот на својата дејност преку алтернативен начин на продажба на услуги и производи.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19.

**Прилог:**

- **Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: м-р Ирма Мандева
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 22 април 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: | 22-04-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / | Вредност / Vlerë |
| 44- | 2282 | /32 | |

Архивски број: 08-780/32

**З А П И С Н И К**

**од Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 април 2020 година**

На 22 април 2020 година (среда), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
MKC EN ISO 9001 2009

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Тоше Зафиров и Бљерим Кољаљи, советници на Претседателот на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Зекир Јакупоски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

Од овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

*

*  *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **<u>се утврди следниот Дневниот ред:</u>**

<u>Точка 1:</u> Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

<u>Точка 2:</u> Прашања и предлози

*

* *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**<u>По однос на точката 1 од Дневниот ред,</u>** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Притоа, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, информираше дека состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата е стабилна. Во тек е серолошкото тестирање во подрачјето на општина Дебар, а Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија дневно остваруваат интензивна комуникација со матичните лекари од ова подрачје.

Дополнително, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб дека е обезбедено и едно амбулантно возило за потребите на Здравствениот дом во Липково.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за активностите на координативното тело за штабовите на единиците на локалната самоуправа и за активностите преземени на дневна основа во врска со билатералните и мултилатералните донаторски кореспонденции наменети за справување со Коронавирусот.

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб дека во тек се организациони активности за преземање на затекнатите студенти во Република Турција, со што укажа на потребата истите да бидат преземени со автобуски превоз (три автобуси) од границата на Република Турција со Република Бугарија или со авионски превоз преку компанијата Turkish Airlines.

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, Аднан Џаферовски ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за текот на активностите и остварената комуникација со Општинскиот штаб за заштита и спасување во Куманово.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Министерството за здравство, во соработка со директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, Аднан Џаферовски, да ги разгледа можностите, согласно расположливата количина на заштитни маски, а д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, согласно набавката на заштитни маски, со цел давање на определена количина на заштитна опрема за потребите на населението во општините Куманово, Прилеп и Тетово.**

2. **Министерството за здравство да го разгледа Барањето доставено од Центарот за јавно здравје во Куманово, за обезбедување на неопходна дополнителна заштитна опрема (заштитни маски, каљачи, дезинфекциони средства, медицински скафандери итн), за потребите на вработените лица во Центарот.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

3. На наредната седница на Владата, да се разгледа предлогот за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, донесена на 12 март 2020 година, во делот од точка 6 со кој се затвораат сите спортски објекти, вежбални, спортски сали итн.

4. Се одобрува Барањето за излез од територија на Република Северна Македонија, на лекар Фадиљ Малиќи, офталмолог од Куманово, во придружба на уште еден член од неговото семејство, поради присуство на погреб на близок роднина од семејството во Република Косово, со тоа што Министерството за здравство да стапи во контакт со лекарот, да го упати лекарот и придружникот на задолжително носење на заштитна опрема и да даде препораки кои треба да бидат преземени заради заштита при присуството на погребот. По враќањето во Република Северна Македонија овие лица да не бидат спроведени во задолжителен државен карантин, имајќи ја предвид неопходноста од негово присуство на работа како медицинско лице и напуштањето на границите на Република Северна Македонија под посебна заштитна опрема.

5. Го разгледа и не го прифати Барањето доставено од Општина Боговиње за финансиска помош и покривање на платите на вработените во јавното комунално претпријатие, под бр. 08-843/1 од 21.4.2020 година.

6. Го разгледа Барањето доставено од Општина Боговиње за снабдување со елементарни потребни материјали за менаџирање со ситуацијата со вирусот Ковид-19, под бр. 08-841/1 од 21.4.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел доставување на одговор по предметното Барање.

7. Го разгледа Барањето доставено од ЈП за стопанисување со државните шуми, Национални шуми, за измена на Уредбата со законска сила за ограничување на исплатата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор, под бр. 02-253/1 од 21.4.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии.

8. Го разгледа Решението донесено од Државниот инспекторат за труд од подрачје Струмица, под бр.09-354 од 13.4.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд, со цел доставување на известување до Државниот инспекторат за труд ПЕ Струмица за начинот на имплементирање на донесените одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата.

9. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Шкељким Весели, сопруг на Семира Весели, почината на 18 април 2020 година во Минхен, СР Германија, по потекло од Гостивар и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за внатрешни работи, со цел обезбедување на полициска придружба на овие лица по нивно преземање од границата на Република Северна Македонија, за време на погребот што ќе се изврши на 23 април 2020 година во 11.00 часот во Гостивар, па се до спроведување на овие лица во задолжителен државен карантин од страна на Министерството за надворешни работи.

10. Го разгледа Барањето за финансиска помош, доставено од Друштвото за трговија и услуги ТОМА-ХОЛДИНГ ДООЕЛ, Гостивар, под бр. 0301-27 од 21.4.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателтот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за економија.

11. Го разгледа и не го прифати Известувањето доставено од ДПТУ ЕСКАВАТОРИ – МК ДООЕЛ Скопје, под бр. 5096/03 од 7.4.2020 година. Влезот на овие лица на територијата на Република Северна Македонија е возможен само доколку лицата го поминат определениот период во државен карантин.

12. Го разгледа Барањето доставено од Групација фирми од подрачјето на Општина Куманово, за организирање на градскиот превоз во Куманово, по примерот на Град Скопје и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел по извршените анализи на состојбите во ова подрачје да се заземе став по предметното Барање.

13. Го разгледа Барањето за преземање на превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со Ковид-19 во супстандарните населби и живеалишта во Република Северна Македонија, доставено од група здруженија и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, со цел доставување на одговор по предметното Барање.

14. Го разгледа Протестното писмо и Барањето за преиспитување на Одлуката на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

15. Го разгледа Барањето за донација на 3000 литри алкохол за медицински потреби, доставено од Друштвото за производство, трговија и услуги ММ Инвест ДОО, под бр. 0306/60 од 22.4.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, а потоа врз основа на одобрение од Министерството за здравство да се достави барање до Царинската управа, со цел ослободување од плаќање акциза.

16. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Дарко Велковски, државјанин на Република Северна Македонија и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за надворешни работи.

17. Ги разгледа и одобри барањата за согласност за извоз на Етанол 96% за потребите на Министерството за здравство на Република Црна Гора, доставени од АД Алкалоид Скопје, под бр. 09-3745/1 и 09-3751/1 од 21.4.2020 година и истите ги проследи на понатамошно постапување до Министерството за економија, со цел доставување до Владата на соодветна одлука со која ќе се дозволи извоз.

    По овој повод, Главниот координативен кризен штаб укажа на Министерството за економија покрај претходно наведеното Барање од овој заклучок, да постапи и по задолжението од Дваесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, по Барањето за извоз на средства за дезинфекција доставено од ДПТУ МУЛТИХЕМ ДООЕЛ увоз – извоз Струмица, под бр. 03-89/1 од 10.4.2020 година.

18. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Известувањето доставено од ЈП Комунална хигиена – Скопје во однос на наплата на побарувања од ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.

19. Го разгледа Барањето за набавка на специјални комунални возила, доставено од ЈП Комунална хигиена – Скопје, под бр. 03-3119 од 21.4.2020 година и истото го проследи на разгледување на наредната седница на Владата, со цел одобрување на оваа јавна набавка и извршување на основната дејност на ова јавно претпријатие.

20. Го разгледа Барањето доставено од ЈП Комунална хигиена – Скопје, под бр.03-3118 од 21.4.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

21. Го разгледа Барањето за добивање дозвола за влез во Република Северна Македонија, доставено преку електронска пошта од Јанис Геруланос, државјанин на Република Грција, со дозвола за привремен престој во Република Северна Македонија (бр.L1117426) и имајќи превид дека ова лице има регулиран привремен престој во Република Северна Македонија, го одобри Барањето, односно дозволи влез во Република Севрна Македонија, но под услов лицето да биде спроведено во задолжителен државен карантин.

22. Го разгледа и не го прифати Барањето доставено од Центарот за управување со кризи по однос на Барањето за донирање на заштитна опрема за дописната мрежа на АД МИА Скопје, поради потребата ова акционерско друштво преку сопствени финансиски средства да спроведе/реализира набавка на потребната заштитна опрема.

23. Го разгледа и го прифати Барањето доставено преку Министерството за здравство од проф. д-р Александар Николиќ, кардиохирург и шеф на оддел Кардиохирургија при Клиничката болница Аџибадем Систина Скопје, со цел непречено извршување на неговите работни обврски како лекар, а фазата на самоизолација е завршена во Република Црна Гора, а државниот карантин во Република Северна Македонија.

*

*  *

<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u> немаше прашања, ниту предлози.

*

*  *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

*

* *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ